„НИСКОГРАДБА"
бр. 04-833/10
30.12.2025 год.
БИТОЛА

Врз основа на член 45 Законот за административни службеници („Службен весник на Република Македонија" бр.27/2014,199/2014 ,48/2015 ,154/15,05/16, 11/18 и Сл. Весник на РСМ 275/19,14/20, 215/21,99/22,208/24,144/25,252/25 и последна измена 266/25), и член 22 од Статутот на КЈП Нискоградба Битола,ВД Директорот на КЈП Нискоградба Битола на ден 30.12.2025 година донесе:

# О Д Л У К А

За избор на кандидат за вработување на административен службеник по пат на јавен оглас бр.839/2025

1.На јавниот оглас бр.839/2025 за вработување на административен службеник на работното место со Шифра КДР 01 02 Г03 117 Референт благајник - еден извршител, во Одделението за финансиски и сметководствени работи, Сектор за финансии,сметководство и комерција при КЈП Нискоградба Битола.

**Се избира кандидатот Марија Талевска со идентификациски код Е10CF48.**

2.Именуванта ќе биде вработена на неопределено време за горенаведеното работно место, по конечноста на оваа Одлука, за што ќе се донесе посебно решение, односно ќе се склучи договор за вработување.

# О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

По барање на КЈП Нискоградба Битола, Агенцијата за администрација објави јавен оглас за вработување на административен службеник бр.839/2025 на ден 25.07.2025 година во дневните весници „Нова Македонија,,, „Вечер,, и „Коха,,, за вработување на 1(еден) извршител на неопределено време на работно место КДР 01 02 Г03 117, назив Референт благајник во Одделението за финансиски и сметководствени работи, Сектор финансии,сметководство и комерција при КЈП Нискоградба Битола.

Со Решение на Директорот на Агенцијата за администрација, бр.10-1942/7 од 21.11.2025 година формирана е Комисија за селекција по јавниот оглас. Комисијата за селекција по спроведување на сите фази од постапката за селекција за вработувње и тоа: Административна селекција спроведена на ден 02.12.2025 година, со Записник бр.10-1942/8 од 02.12.2025 година, спроведен испит за административен службеник со записник бр.10-1942/10 од 15.12.2025 година, спроведена постапка за веродостојност на докази и интервју за административен службеник, со записник бр.10-1942/11 од 24.12.2025 година, во просторијата на Агенцијата за администрација изготви конечна ранг листа на кандидати од сите фази на селекција по јавниот оглас бр.839/2025.

Врз основа на резултатите од сите фази на селекција, Агенцијата за администрација до КЈП Нискоградба Битола достави конечна ранг листа и предлог на кандидати за вработување бр. 10-1942/12 од 26.12.2025 година,а наш број 04-833/9 од 30.12.2025 година заради донесување на Одлуки за избор.

ВД Директорот на КЈП Нискоградба Битола го прифати предлогот на Агенцијата за администрација и одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

**Правна поука:** Против оваа одлука незадоволниот кандидат има право да поднесе жалба до Агенцијата за администрација, во рок од 8(осум) од денот на објавувањето на истата на веб страната на Агенцијата.

КЈП Нискоградба -Битола
ВД Директор
______________________
/Зоран Талевски/